РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски
Технолошко-технички факултет-Велес
Бр. 03-1048/1
23.11 2017 г.
Велес

Технолошко – технички факултет Велес

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Друштво за производство, трговија и услуги
ВАНИЛА ФУД ДОО увоз-извоз
Бр 089-08
/ 20 год
СКОПЈЕ

Улица:„Петре Прличков“ 42, 1400 Велес
Address: “Petre Prličkov” 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk
Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 23.11.2017 година помеѓу:
**1.Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Димитар Влахов“ бб 1400 Велес, претставуван од Деканот проф.д-р Валентина Павлова и
**2.Ванила Фуд ДОО Скопје,** со седиште на ул. Бул.8-ми Септември бр. 8-2/4, претставувана од управителите Давид Јегени и Никола Ѓеоргиев.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-технички факултет Велес и Ванила Фуд ДОО Скопје, за унапредување и едукација на сопствен кадар во областа на нутриционизмот, здравата и квалитетна храна и исхрана, унапредување на менито на Ванила Фуд, вклучување на специјалисти нутриционисти во едукативниот дел се со цел за обучување во делот на нутриционизмот за производство на здрава, квалитетна и еколошко прифатлива за домашни и извозни потреби; одржување на заеднички семинари за подигање на општата свест за важноста на исхраната и последиците предизвикани од неправилна исхрана, како и оспособување кадар кој ќе одговори на современите нутриционистички потреби на посебни категории на луѓе (спортисти, бебиња, деца, доилки, стари луѓе и други), кој ќе биде подготвен за пазарот на трудот и меѓуинституционална подвижност во рамките на замјата, регионот и пошироко; изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски и магистерски работи на студентите од I (прв) и II (втор) циклус студии, а согласно предвидените наставни програми.

**Член 2**

Договарачот Ванила Фуд ДОО Скопје, согласно можностите за потребите на студентите од I (прв) и II (втор) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес ( Студиска програма Нутриционизам ), ќе овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски и магистерски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

**Член 3**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) и II (втор) циклус студии (Студиска програма Нутриционизам), за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски и магистерски работи, навремено да го известува договарачот Ванила Фуд ДОО Скопје.

Улица:„Петре Прличков“ 42, 1400 Велес
Address: “Petre Prličkov” 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk
Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

**Член 4**

Договорните страни, Технолошко – технички факултет Велес и Ванила Фуд ДОО Скопје, со потпишување на овој договор се договорија на обострана употреба на логоата за сопствени потреби како и за финансиски надомест за едукациите и подготовката на менито за исхрана, кој ќе биде утврден и регулиран со посебен анекс договор на име на ангажираните професори или на сметка на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Д о г о в о р н и   с т р а н и**

**Технолошко-технички факултет Велес**
**Д е к а н**
**Проф. д-р Валентина Павлова**

______________________

**Ванила Фуд ДОО**
**Скопје**

______________________
**/ Давид Јегени /**

______________________
**/ Никола Георгиев/**